Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-164/5
________ година 29-04-2025

Постапувајќи по претставка бр. 08-164/1 од 30.1.2025 година поднесена од и , е, против Министерство за култура и туризам, за извршена дискриминација во областа на култура, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на култура сторена од страна на Министерство за култура и туризам врз и и е

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација доставена е претставка бр. 08-164/1 од 30.1.2025 година, поднесена од страна на и , за сторена дискриминација во областа на култура од страна на Министерството за култура и туризам.

Предметната претставка е поднесена во врска со Годишниот конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година, при што подносителите тврдат дека со истиот, повеќето учесници кои конкурираат се ставени во понеповолна положба и се дискриминирани од причина што им е оневозможено под еднакви услови да ги реализираат своите проекти од областа на културата.

Во самата претставка, цитирани се членовите 47 и 55 од Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник број: 6/2019), согласно кои

*„Член 47*
*(1) Се гарантира слободата на научното, уметничкото и на другите видови творештво.*
*(2) Се гарантираат правата што произлегуваат од научното, уметничкото или друг вид интелектуално творештво.*
*(3) Републиката го поттикнува, помага и штити развојот на науката, уметноста и културата.*
*(4) Републиката го поттикнува и помага научниот и технолошкиот развој.*
*(5) Републиката ги поттикнува и помага техничката култура и спортот. "*

*„Член 55*
*(1) Се гарантира слободата на пазарот и претприемништвото.*
*(2) Републиката обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот.*

*(3) Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот.*
*(4) Слободата на пазарот и претприемништвото можат да се ограничат со закон единствено заради одбраната на Републиката, зачувувањето на природата, животната средина или здравјето на луѓето. "*

Во продолжение на ова, подносителите се повикуваат на Законот за културата, кој дефинира дека Националниот интерес во културата опфаќа *овозможување услови за остварување и заштита на врвни културни вредности, поттикнување на разновидноста и разноличноста во културата, обезбедување на услови за достапност на граѓаните до културните вредности и нивно масовно користење и создавање услови за рамномерен културен развој во Републиката.* Согласно претходно цитираните законски и уставни одредби, подносителите сметаат дека иако навидум Министерството за култура и туризам поставило мерила и критериуми согласно кои ќе се оценуваат проектите на апликантите, скоро 90% од нив на вака поставените критериуми и услови би потпаднале во најниската категорија и со буџетските средства би се фаворизирала само мала група на проекти кои би ги исполниле вака поставените услови.

Во смисла на претходно наведеното, во претставката е наведено дека ваквото присилно истиснување на проектите највисоко се вреднувани музичките манифестации и фестивали со традиција и континуирано одржување над 40 години со максимален износ на финансиска поддршка до 4.000.000,00 денари, дополнувајќи дека доколку сеземе во предвид фактот дека Република Северна Македонија е самостојна држава само 33 години, највисоко вреднувани може да се само проектите кои се постари од државата, кои претставуваат 3 или 4 проекти на национално ниво. Во однос на нив, наведено е дека истите не се ни приближно посложени ниту финансиски поскапи за остварување од манифестациите и фестивалите кои се со традиција и континуирано одржување од над 20 години, а за кои е предвидени двојно помала финансиска поддршка.

Во претставката подносителите истакнуваат дека и тие лично сметаат дека традицијата и континуираното одржување треба да се награди со дополнителни бодови, но истото не и да се смета како главен критериум согласно кој би се оневозможила реализацијата на проекти од културен карактер кој имаат помало времетраење од 40 години.

Во продолжение, наведено е дека Годишниот конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година воведува и нов критериум – повеќедневноста на манифестациите/фестивалите, при што со вака утврдениот критериум подносителите тврдат дека се фаворизираат манифестации и фестивали кои претходно траеле повеќе од 2 дена, следствено на што еднодневните фестивали и манифестации кои се одржувале помалку повеќе од 20 години би биле за 5 пати помалку поддржани од повеќедневните фестивали со време на одржување подолго од 20 години. Во однос на времетраењето на фестивалите, подносителите наведуваат дека иако повеќедневноста би можело да значи поголеми трошоци и поголем ангажман за организаторот, истото може да биде наградено со повеќе бодови, о не и со износи кои се дури до 10 пати поголеми, сметајќи дека повеќедневноста не треба да претставува критериум за кој во старт би ги поставил ваквите фестивали и манифестации во поповолна положба.

На крај на претставката, подносителите бараат од Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да изврши оценка на мерилата и критериумите поставени во Годишниот конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година, при што бараат Министерството за култура и туризам да ги

коригира мерилата и критериумите поставени во истиот на начин што на сите учесници ќе им даде можност под еднакви услови да ги реализираат своите проекти.

На ден 30.1.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од , и , против Министерството за култура и туризам заведена под арх. бр. 08-165/1, при што предметната претставка се однесуваше на истата правна работа како и претставката бр. 08-164/1 и во неа беа истакнати идентични наводи како и во првоподнесената претставка.

Последователно на ова, до Комисијата беа доставени уште 2 претставки за заштита од дискриминација поднесени против Министерството за култура и туризам, при што и во двете беа истакнати наводи за дискриминација во однос на Годишниот конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година.

Оттука, претставката бр. 08-173/1 од 3.2.2025 година е поднесена од страна на е, при што покрај погоре истакнатите наводи, наведено е и следното:

„Златна буба мара на популарност" во 2025 година е предвидено да се одржи по 28ми пат, при што на наведената манифестација се изведуваат дела од различни музички жанрови како модерна, поп, хип-хоп, рок, класична и фолклорна музика, танцови точки, стенд-ап, деца и возрасни со попреченост, хорови и.т.н., дополнително наведувајќи дека на дадената манифестација се доделуваат награди и признанија на домашните автори, пејачи, глумци, уметници, спортисти, лекари и останати лица кои оставиле траг во подобрувањето на нашето општество и култура. Во продолжение на ова, во претставката е истакнато дека по живата изведба, конкретната манифестација е бесплатно достапна на телевизија и интернет со цел ширење на културата, додавајќи дека доказ за истото се и прегледите на интернет и телевизискиот рејтинг за време на емитувањето на манифестацијата. Во однос на претходно наведеното, во претставката е истакнато дека имајќи го предвид обидот на манифестацијата да го прикаже најдоброто од Македонија за тековната година, во реализацијата на истата се ангажирани стотици лица, уметници, автори и изведувачи за кое е наведено дека само по себе претставува голем финансиски предизвик, по што во претставката е исто така истакнато дека на „Златна буба мара на популарност" во една вечер има повеќе учесници отколку што има на повеќето фестивали.

Во однос на последната поднесена претставка бр. 08-186/1 од 6.2.2025 година, поднесена од страна на детскиот фестивал Златно славејче, покрај погоре истакнатите наводи, во истата е дополнително наведено следното:

„Златно славејче" е еден од најстарите фестивали во државата и во 2025 година го прославува својот 55-ти јубилеј. Во претставката се тврди дека истиот ги исполнува критериумите 1. Да се одржува над 40 години и 2. Да трае повеќе од 2 дена, согласно што би требало да е поддржан со максимален износ на финансиска поддршка до 4.000.000,00 денари. Оттука, подносителите сметаат дека фестивалот е дискриминиран и деградиран бидејќи станува збор за детски музички фестивал, од причина што кај оваа категорија максималниот износ на финансиска поддршка е до 500.000,00 денари, што претставува 8 пати помал износ од оној за погоре наведената категорија. Во однос на комплексноста на организирање на фестивалот „Златно славејче", наведено е дека истиот претставува еден од најголемите од сите пријавени проекти, со тоа што организаторот ги покрива сите авторски и изведувачки трошоци за креирање и снимање на сите песни, ги координира и организира

сите проби, снимања и изведби, ги покрива трошоците за закуп на сала, озвучување, осветлување и се пропратно што е потребно како би можел да се организира фестивал од најголем ранг, истакнувајќи дека ваквите трошоци се исти, без разлика дали станува збор за детски фестивал или фестивал за возрасни. Дополнително, во претставката е направена споредба помеѓу проектите пријавени за финансиска поддршка на кои настапуваат странски изведувачи и се изведуваат дела од странски артисти, за кои се наведува дека се поддржани со износ до 4.000.000,00 денари, додека на фестивалот „Златно славејче" настапуваат домашни изведувачи и се изведуваат дела на домашни автори, при што само максималниот износ кој овој фестивал би можел да го добие како финансиска поддршка би бил 500.000,00 денари.

Имајќи го предвид фактот дека сите погоре наведени претставки беа поднесени против истиот потенцијален дискриминатор – Министерството за култура и туризам и за истата правна работа – регулирањето на финансиската поддршка согласно Годишниот конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година, поради целисходност во водење на постапките и преземање на соодветни процесни дејствија, согласно член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, постапките по претставките 08-165/1, 08-173/1 и 08-186/1 ги спои во една постапка, односно во постапката со број на предмет 08-164/1.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 10.2.2025 година испрати Известување бр. 08-164/4 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за култура.

На ден 1.4.2025 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставен одговор на известувањето за произнесување од страна на Министерството за култура, заведено под арх. бр. 08-165/3.

Во одговорот на претставките, од страна на Министерството за култура и туризам најпрво се осврнуваат на наводите за прекршување на член 55 од Уставот кој се однесува на слободата на пазарот и претприемништвото за работи во културата и уметноста, наведувајќи дека сите подносители на претставките не се уметници или културни дејци, туку претприемачи, образложувајќи дека поради наведеното, подносителите го разбираат финансирањето во културата како претприемништво и пазар.

Во однос на самиот Годишен конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата по одделни дејности и области за 2025 година, од Министерството за култура и туризам наведуваат дека водејќи се од начелото на транспарентност, за 2025 година објавиле максимален износ на финансирање за секој одделен вид на проект, на начин кој е применет во меѓународни конкурси и огласи за вработувања. Оттука, Министерството тврди дека однапред ги известило апликантите и идните корисници на средства, за рамките во кои може да биде дадена финансиска поддршка за проектите од национален интерес по одделни дејности и области. Имајќи предвид дека сите претставки имаат заедничка основа во која се образложени наводите за сторена дискриминација, во произнесувањето, Министерството за култура и туризам се осврнува поединечно на специфичните разлики кои се истакнати во секоја претставка.

1. Претставка 08-164/1 поднесена од страна на . и

3.3. *Музичко-сценски манифестации/фестивали со традиција и континуирано одржување до 20 години, со максимален износ на финансиска поддршка до 1.000.000 денари*

*Правниот субјект треба да:*

- *Има реализирано најмалку 3 (три) изданија на камерната манифестација/фестивал за која аплицира, а кои траеле повеќе од 2 (два) дена;*
- *Достави детална програма на манифестацијата/фестивалот со учесници што ќе трае повеќе од 2 (два) дена во 2025 година.*

3.4. *Камерни музички манифестации/фестивали, со максимален износ на финансиска поддршка до 500.000 денари*

*Правниот субјект треба да:*

- *Има реализирано најмалку 3 (три) изданија на музичката манифестација/фестивал за која аплицира, а кои траеле повеќе од 2 (два) дена;*
- *Достави детална програма на манифестацијата/фестивалот со учесници што ќе трае повеќе од 2 (два) дена во 2025 година.*

3.5. *Детски музички фестивали, со максимален износ на финансиска поддршка до 500.000 денари*

*Правниот субјект треба да:*

- *Има реализирано најмалку 10 (десет) изданија на детскиот фестивал за кој аплицира;*
- *Достави детална програма на фестивалот со учесници.*

3.6. *Фестивали на домашна музика со натпреварувачки карактер, со максимален износ на финансиска поддршка до 1.500.000 денари*

*Правниот субјект треба да:*

- *Има реализирано најмалку 20 (дваесет) изданија на фестивалот за кој аплицира, а кои траеле повеќе од 2 (два) дена;*
- *Достави листа на членови на жири-комисија;*
- *Достави концепт, методологија и временска рамка за процесот на избор на добитниците на наградите.*

3.7. *Еднодневни музички манифестации/фестивали, со максимален износ на финансиска поддршка до 2.000.000 денари*

*Правниот субјект треба да:*

- *Има реализирано најмалку 3 (три) изданија на еднодневната музичка манифестација/фестивал за која аплицира;*
- *Достави детална програма на манифестацијата/фестивалот со учесници."*

Како одговор на наводите дека вака систематизираниот конкурс врши дискриминаторно и присилно истиснување на проектите, поради тоа што подносителот не ги исполнува условите поставени за првиот вид на проект, односно манифестација/фестивал – Музички манифестации и фестивали со традиција и континуирано одржување над 40 години, со максимален износ на финансиска поддршка до 4.000.000 денари, наведувајќи дека ваквите манифестации/фестивали не се ни приближно посложени ниту финансиски поскапи за остварување во споредба со оние кои се одржуваат над 20 години, од Министерството за култура и туризам наведуваат дека ваквата „констатација" на подносителот на претставката претставува инсинуација и притоа не се доставени никакви докази или пак финансиски показатели со кои ви се поткрепило ваквото тврдење.

Во однос на наводите дека согласно поставените мерила и критериуми за оценување на проекти во Конкурсот за 2025 година, би се фаворизирала мала група на проекти кои ги би исполниле вака поставените критериуми, од страна на Министерството за култура и туризам одговараат дека дадените мерила и критериуми за оценка на пристигнатите пријави на Годишниот конкурс за 2025 се исти за сите видови на манифестации и фестивали, при што согласно глава IV од истиот:

***„IV. КРИТЕРИУМИ И МЕРИЛА ВРЗ ЧИЈА ОСНОВА ЌЕ СЕ ВРШИ ОЦЕНА НА ПРОЕКТИТЕ***

*Стручна комисија ќе врши оцена на проектите врз основа на следните критериуми:*

1. *Квалитет на содржината на проектот;*
2. *Човечки ресурси и*
3. *Финансиска оправданост.*

*Горенаведените критериуми ќе се оценуваат според следните мерила:*

1. ***Квалитет на содржината на проектот** – вкупно 50 бода*
   *Квалитетот на проектот ќе се цени преку креативност, оригиналност, очекувано влијание, актуелност, иновативност, видливост.*
2. ***Човечки ресурси** – вкупно 30 бода*
   *Човечките ресурси ќе се ценат преку уметничките, односно стручните достигнувања на носителите и на учесниците во проектот, искуството во соодветната област, признанија, награди, позитивни критики за претходни достигнувања.*
3. ***Финансиска оправданост** – вкупно 20 бода*
   *Финансиската оправданост треба да ја изразува реалната проекција за висината на вкупните трошоци за реализација на проектот, како и реалниот баланс меѓу авторските хонорари и другите трошоци за реализација на проектот."*

Во продолжение на ова, наведено е дека согласно Конкурсот, за секој одделен вид на фестивал или манифестација се одредени посебни услови кои апликантите треба да ги исполнат, при што во произнесувањето се задржуваат само на музичките манифестации и фестивали, имајќи предвид дека сите 4 претставки за заштита од дискриминација се поднесени од страна на организатори на музички манифестации и фестивали. Оттука, посебните услови за музичките манифестации и фестивали се уредени како што следи:

*„3. Манифестации и фестивали од музичката и музичко-сценската дејност*

*3.1. Музички манифестации и фестивали со традиција и континуирано одржување над 40 години, со максимален износ на финансиска поддршка до 4.000.000 денари*

*<u>Правниот субјект треба да:</u>*

- *Има реализирано најмалку 40 (четириесет) изданија на музичката манифестација/фестивал за која аплицира, а кои траеле повеќе од 2 (два) дена;*
- *Достави детална програма на манифестацијата/фестивалот со учесници што ќе трае повеќе од 2 (два) дена во 2025 година.*

*3.2. Музичко-сценски манифестации/фестивали со традиција и континуирано одржување над 20 години, со максимален износ на финансиска поддршка до 2.000.000 денари*

*<u>Правниот субјект треба да:</u>*

- *Има реализирано најмалку 20 (дваесет) изданија на музичката манифестација/фестивал за која аплицира, а кои траеле повеќе од 2 (два) дена;*
- *Достави детална програма на манифестацијата/фестивалот со учесници што ќе трае повеќе од 2 (два) дена во 2025 година.*

Во прилог на претходно наведеното, во произнесувањето е наведено дека подносителот во предвид го има само „финансиското чинење" на некоја манифестација/фестивал, а не и високата уметничка вредност на манифестации и фестивали кои опстоиле повеќе од 40 години и кои го задржале нивото на квалитет, притоа обезбедувајќи непроценлива важноста за културното наследство од поново време на државата, градејќи го нејзиниот културен идентитет. Оттука, ценејќи го повеќедецениското одржување на музичките манифестации и фестивали, Министерството за култура и туризам наведува дека со Конкурсот обезбедиле соодветно скалесто финансирање на начин како „кога за вработување на највисоката работна позиција, се бараат најмногу години на искуство во професијата." Притоа, во произнесувањето се истакнати 2та фестивали кои ги исполнуваат овие услови: „Денови на македонска музика", кој во 2025 се одржува по 48-ми пат за кој наведуваат дека е од највисок приоритет за државата поради тоа што е најстариот и најквалитетниот фестивал на македонско домашно музичко творештво и „Скопски џез фестивал", кој во 2025та се одржува по 44-ти пат, за кој наведуваат дека пред многу децении го ставил Скопје и Република Северна Македонија на светската мапа на градови со музички фестивали.

Во однос на конкретната пријава за проектот на подносителот – „Д Фестивал #15 - 2025", Министерството за култура и туризам истакнува дека истиот <u>е оценет со 100 бодови и доделен е максималниот износ на средства предвиден за тој вид на проект за којшто субјектот аплицирал и тоа во видот – 3.3 Музичко-сценски манифестации/фестивали со традиција и континуирано одржување до 20 години со максимален износ на поддршка од 1.000.000 денари.</u>

2. Претставка бр. 08-165/1 поднесена од страна на и

Во однос на дадената претставка, имајќи ја предвид идентичната содржина како и на погоре наведената претставка, од страна на Министерството за култура и туризам наведуваат дека проследуваат со истото произнесување и образложение како и за претходната претставка, со тоа што дополнително даваат информација за конкретната пријава на проектот на подносителот – „Таксират Фестивал # 27 - 2025", овој фестивал <u>е оценет со 100 бодови и доделен е максималниот износ на средства предвиден за тој вид на проект за којшто субјектот аплицирал и тоа во видот – 3.2 Музичко-сценски манифестации/фестивали со традиција и континуирано одржување над 20 години со максимален износ на поддршка од 2.000.000 денари.</u>

3. Претставка бр. 08-173/1 од

Во однос на наводите истакнати во дадената претставка, од страна на Министерството за култура и туризам наведуваат дека во Конкурсот не постојат „посебни критериуми" и „категоризација" како што е наведено во претставката. Оттука, во произнесувањето е наведено дека подносителот смета дека континуираното одржување и повеќедневноста треба да се наведени во Приоритетите на Конкурсот, за да биде оправдана поделбата на проектите според видот, повикувајќи се на делот од претставката каде е наведено дека *„посебните критериуми мораат својата основаност да ја црпат од општите критериуми и од приоритетите"*, дополнувајќи дека *„во случајот на Годишните конкурси за 2025 година, посебните критериуми на повеќе годишност пропратена со повеќедневност не се во улога да ги унапредат општите критериуми и да ги исполнат приоритетите туку се во улога да дискредитираат и дискриминираат проекти кои значително ги исполнуваат општите*

*критериуми и приоритетите."* Како одговор на ваквото тврдење, во произнесувањето најпрво се издвоени приоритетите на Конкурсот како што следи:

*„II. ПРИОРИТЕТИ*
*За да може пријавата за манифестации и фестивали да биде оценувана од страна на стручна комисија, треба да се исполни најмалку 1(еден) од следниве приорцтети:*
1. *Унапредување на творечката и изведувачката уметност;*
2. *Поттикнување иновативност и креативност;*
3. *Афирмирање на културната разновидност и на соработката меѓу заедниците во државата;*
4. *Стимулирање и промовирање домашни, меѓународни и интеркултурни вмрежувања, соработка, партнерски проекти, кои придонесуваат кон развој на домашниот туризам;*
5. *Поттикнување на учеството на домашни автори;*
6. *Поттикнување изведби на реномирани домашни уметници;*
7. *Поттикнување на учеството на лица со попреченост, на лица во социјален ризик или на маргинализирани групи и*
8. *Унапредување на родовата рамноправност."*

Во однос на општите услови, како такви се утврдени следните:

*„А) ОПШТИ УСЛОВИ*
- *Да е регистриран во Централниот регистар на Република Северна Македонија, со исклучок на единиците на локалната самоуправа, локалните установи и другите правни лица чиј основач е Република Северна Македонија (за правни лица);*
- *Да има документ со кој се потврдува учеството на наведените учесници и соработници во проектот;*
- *Да има обезбедено простор за реализација на проектот;*
- *Да ги има регулирано авторските права (доколку од проектот произлегува обврска за регулирање на авторски права) и*
- *Да има договор за соработка (доколку проектот се реализира врз основа на договорена соработка)."*

Согласно вака утврдените приоритети и општи услови, во произнесувањето се наведува дека ниту еден од нив не претставува повторувачка содржина во одредувањето на видовите на проектите, па поради тоа не согледуваат никаква потреба од наведување на приоритет: традиција и континуирано одржување над 40 години и повеќедневно одржување.

Во однос на наводите дека со ваквиот Конкурс се фаворизираат манифестации и фестивали кои претходно траеле повеќе од 2 дена и наводите дека скоро 90% од проектите кои конкурираат се од еднодневен карактер, од Министерството за култура наведуваат дека ваквата констатација е погрешна бидејќи подносителот нема сознанија за видот и бројот на пријави кои пристигнале до Министерството, како и штетна затоа што еднодневниот карактер претставува посебен услов само кај манифестациите и фестивалите, а не кај сите проекти. Оттука, во произнесувањето е образложено дека во Конкурсот за 2025 година, еднодневните манифестации и фестивали се издвоени како посебен вид на проект, поради тоа што во изминатите години, стручните комисии самите ги категоризирале проектите, следствено на што се случувало нелогично финансирање – повеќе средства биле издвојувани за еднодневни манифестации, а помалку за неколкудневните, за што од страна на Министерството, истакнуваат дека претставува нарушување на економската логика. Ова тврдење е дополнително образложено со тоа што повеќе денови би значеле повеќе

учесници и соработници, повеќе опрема и поголема потреба од планирање, координација и извршување на бројни оперативно-технички чекори при организацијата, со што се оправдуваат повисоките финансиски средства.

Како одговор на наводите дека вака со поставените мерила и критериуми не се вреднуваат проекти кои за прв пат се одржуваат повеќе од 2 дена, со тоа што на проектите кои повеќе години се одржувале по 1 ден, оваа година се оневозможени да се прилагодат кон условите и да направат програма која би траела повеќе од 2 дена, Министерството за култура и туризам одговара дека го ценат препознатливиот карактер на манифестациите и фестивалите, без разлика дали во минатото се одржувале по еден или по повеќе денови. Оттука, наведуваат дека доколку некој апликант сака да го промени својот препознатлив карактер поттикнат од потребата за повеќе буџетски средства, би се нарушила традицијата и препознатливоста на тој проект, истакнувајќи дека истото во никој случај не би значело потреба од воведување на „можност за прилагодување кон новите услови на конкурсот". Во однос на наводите за „ретроактивно оценување", наведуваат дека истото е содржано во критериумите и мерилата за оцена на пријавите во делот за човечки ресурси, каде што се цени искуството и воопшто не значи оценка при определувањето на видовите на проектите.

На крај, во произнесувањето по конкретната претставка е истакнато дека одредувањето на јасни посебни услови за секој вид на проект и одредувањето на максимален износ за секој посебен вид на проект за Министерството воопшто не претставувало давање на понеповолни услови, туку транспарентност на целокупниот процес и јасно информирање на апликантите за можностите на Министерството во делот на финансирање на проектите.

Оттука, во однос на конкретната пријава за проектот „ЗЛАТНА БУБАМАРА НА ПОПУЛАРНОСТА 28", од Министерството за култура и туризам наведуваат дека истиот <u>е оценет со 100 бодови и доделен е максималниот износ на средства предвиден за тој вид на проект за којшто субјектот аплицирал и тоа во видот – 3.7 Еднодневни музички манифестации/фестивали со максимален износ на поддршка од 400.000 денари.</u>

4. Претставка бр. 08-186/1 од

Како одговор на четвртата претставка поднесена за истата правна работа, Министерството за култура и туризам најпрво наведува дека доколку подносителот на истата смета дека проектот со кој аплицирал – фестивалот „Златно славејче", ги исполнува посебните услови за видот на фестивали и манифестации за кои е предвиден највисок максимален износ, требало да аплицира за тој вид на фестивали, притоа истакнувајќи дека поднесената апликација била во категоријата за доделување на финансиски средства на детски фестивали.

Во продолжение, во произнесувањето е истакнато дека подносителот на претставката навел погрешна информација дека фестивалот „Златно славејче" трае од повеќе дена, образложувајќи дека неколку изведби на иста програма и учесници не прави еден фестивал да е повеќедневен, туку го категоризира како еднодневен фестивал со повеќе репризи. Оттука, наведено е дека еден од посебните услови од Конкурсот за сите фестивали, со исклучок на детските и еднодневните, е истиот да трае повеќе од 2 дена, што значи дека фестивалот има различна програма и различни учесници секој од деновите на траење. Во смисла на претходно наведеното наведуваат дека спротивно на наведеното во претставката дека *„трошоците с исти, без разлика дали станува збор за детски фестивал или фестивал на кој настапуваат возрасни"*, организаторите на детски фестивали не исплаќаат хонорари на децата кои изведуваат песнички, за разлика од организаторите на останатите фестивали.

Дополнително на ова, наведено е дека во однос на профитабилноста на детските фестивали, билетите се вообичаено со високи цени, а се одржуваат неколку изведби, репризно во неколку дена, што значи дека организаторите на детски фестивали имаат висок профит.

На крај на произнесувањето, како одговор на наводите дека Конкурсот ги дискриминира и произведува нееднаков третман кон детските фестивали, во поднесокот е наведено дека иако детските фестивали се еднодневни фестивали, во споредба со еднодневните фестивали и манифестации за возрасни, предвиден е повисок максимален износ (500.000 денари наспроти 400.000 денари за второнаведените).

Во однос на конкретната пријава за проектот Фестивал на детска песна „Златно славејче 2025", од Министерството за култура и туризам наведуваат дека истиот е оценет со 84 бодови и финансиран со 420.000 денари од максималните 500.000 денари, што претставува највисока поддршка од сите поддржани детски фестивали.

На крајот на целокупното произнесување, Министерството за култура и туризам истакнува дека Конкурсот за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2025 година е изменет по укажување на Државниот завод за ревизија (во продолжение на текстот: ДЗР), како орган кој е надлежен за следење на работата на Министерството. Оттука, наведено е дека по направените измени на Конкурсот, ДЗР направил контролен надзор за примена на препораките содржани во неговиот Конечен извештај, при што било констатирано дека препораката за доуредување и прецизирање на Конкурсот е во целост спроведена и по истата ДЗР нема забелешки.

Министерството за култура и туризам истакнува дека мерилата и критериумите се однесуваат за оценка на проектите со бодови, а не за одредувањето на максимален износ на поддршка по вид на проект, што претставува главниот навод во поднесените претставки за заштита од дискриминација. Оттука, наведено е дека подносителите на претставките, поради фактот што не ги исполнуваат посебните услови за видот на манифестација/фестивал за кој е предвиден највисок максимален износ на поддршка – 4.000.000 денари, сите аплицирале за вид на манифестација/фестивал за кој ги исполнуваат посебните услови, при што нивните проекти се оценувани од страна на стручната комисија формирана од страна на Министерот за култура и туризам, под еднакви услови како и сите останати апликанти. Во продолжение на ова, образложено е дека менувањето на мерилата и критериумите на Конкурсот, а кои повторно се однесуваат на оценка на пријавите, не би довело до посакуваниот исход на подносителите на претставките што би било зголемување на износот за поддршка за организирање на фестивалите со средства од државниот буџет.

На крајот на произнесувањето, Министерството за култура и туризам повторно ја нагласува намерата да неговите Годишни конкурси содржат максимален износ на финансирање за секој одделен вид на проект, со цел почитување на начелото на транспарентност, со што Министерството однапред ги известило апликантите и идните корисници на средства за рамките во кои тоа може да го даде своето учество во финансирањето на проектите од национален интерес по одделни дејности и области.

Оттука, земајќи ги во предвид наводите во претставката, одговорот од произнесувањето по истата како и останатите прибавени релевантни факти, докази и информации, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Министерството за култура и туризам врз ı и

ı и .

и

, согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација, дополнително на што не утврди дека е сторена дискриминација поради недостатокот на дискриминаторска основа врз кои подносителите ги базираат наводите за нееднаков третман при одредувањето на максималните износи за поединечните категории предвидени во Годишниот конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година. Согласно истакнатото од страна на посочениот потенцијален дискриминатор – Министерството за култура и туризам, за разлика од изминатите години, Годишниот конкурс за 2025 година бил систематизиран и објавен со максимални износи на финансиска поддршка кои можат да ги добијат проектите во секоја соодветна категорија, притоа со цел транспарентност на постапката на доделување на финансиска поддршка за сите апликанти.

Согласно утврдените приоритети на Годишниот конкурс,

*„За да може пријавата за манифестации и фестивали да биде оценувана од страна на стручна комисија, треба да се исполни најмалку 1(еден) од следниве приоритети:*

1. *Унапредување на творечката и изведувачката уметност;*
2. *Поттикнување иновативност и креативност;*
3. *Афирмирање на културната разновидност и на соработката меѓу заедниците во државата;*
4. *Стимулирање и промовирање домашни, меѓународни и интеркултурни вмрежувања, соработка, партнерски проекти, кои придонесуваат кон развој на домашниот туризам;*
5. *Поттикнување на учеството на домашни автори;*
6. *Поттикнување изведби на реномирани домашни уметници;*
7. *Поттикнување на учеството на лица со попреченост, на лица во социјален ризик или на маргинализирани групи и*
8. *Унапредување на родовата рамноправност. "*

Дополнително на ова, Годишниот конкурс утврдува критериуми и мерила врз основа на кои се оценуваат сите видови на проекти, независно од категориите за кои ги исполнуваат посебните услови, при што:

*„Стручна комисија ќе врши оцена на проектите врз основа на следниве критериуми:*

1. *Квалитет на содржината на проектот;*
2. *Човечки ресурси и*
3. *Финансиска оправданост."*

Согласно претходно наведеното, може да се утврди дека вака утврдените критериуми се применуваат за секоја поединечна категорија на фестивали и манифестации, при што според утврдената бодовна скала, проектите можат да бидат рангирани во рамките на категоријата во која биле пријавени (за која ги исполнуваат посебните услови) со цел добивање на финансиска поддршка која е во рамките до максимално утврдениот износ за таа дадена категорија. Притоа, различните максимални износи на финансиска поддршка се утврдени за секоја категорија поединечно, согласно посебните услови кој еден проект треба да ги исполнува со цел да може да биде категоризиран во одредена категорија.

Во прилог на претходно наведеното, член 4 точка 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација го уредува поимот *„легитимна и објективно оправдана цел"*, која претставува:

*„Целта за чиешто остварување средствата треба да соодветствуваат со реалните потреби во конкретен случај, да се однапред прецизно дефинирани, да се неопходни за остварување на таа цел, како и да се пропорционални на ефектите што треба да се постигнат."*

Имајќи го предвид претходно цитираниот член, Комисијата констатира дека вака систематизираниот Годишен конкурс за финансирање на манифестации и фестивали од национален интерес во културата за 2025 година, и начинот на кој се одредени различни категории на фестивали за кои се предвидени различни максимални износи на финансиска поддршка која проектите можат да ја добијат, претставува легитимна и објективно оправдана цел за сразмерно финансирање на дадените проекти согласно нивните реални потреби кои произлегуваат од самата природа на проектите. Во однос на ова, повисокиот максимален износ предвиден за фестивалите со повеќегодишна традиција на одржување (над 20 и над 40 години) претставува препознавање и поддршка за нивното влијание во континуираното одржување на културниот идентитет на државата, како и поттик за нивна одржливост во иднина.

Во однос на повеќедневните фестивали и манифестации, истите би имале поголеми логистички потреби поради обемот и времетраењето на нивното одржување кое би се протегало низ повеќе денови, што претставувало дополнителни финансиски импликации, поради што Министерството за култура и туризам одредило повисок максимален износ на финансиска поддршка која можат да ја добијат проектите кои се пријавени во категориите со вака предвидени посебни услови.

На крај, потребно е да се нотира и фактот дека подносителите на првите 3 поднесени претставки го добиле максималниот износ предвиден за финансиска поддршка на проектите кои спаѓаат во категориите во кои аплицирале, како и дополнително истакнатото дека проектот од последната поднесена претставка за заштита од дискриминација го добил највисокиот износ од сите останати кои аплицирале во истата категорија како и него – детски музички фестивали. Вака утврдените максимални износи за поединечните категории кои би соодветствувале на проектите кои аплицираат за Годишниот конкурс за финансиска поддршка, се однапред прецизно дефинирани и се пропорционални на ефектите кои ваквото финансирање треба да ги постигне и истите соодветствуваат на реалните потреби на проектите во конкретниот случај.

Оттука, согласно сето претходно наведено, имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека била сторена дискриминација ... од страна на Министерството за култура и туризам врз ... и ... е и

и .

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став (1) од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Заменик - претседателка на Комисијата
Флора Кадриу

Доставено до:
- Министерство за култура, ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, 1000 Скопје;
-
-
-
-
-